# Копретседателите Мицковски и Заев од партијата „Погреб за Македонија„ ги здружија силите против Русија

ВМРО-ДПМНЕ вчера ја поздрави и се приклучи на акцијата на СДСМ за протерување на рускиот дипломат од Скопје, со што дојде потврдата дека партијата „Погреб за Македонија„ составена од СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ работи заеднички за уништување на Македонија и Македонците.

Зоран  Заев и Христијан Мицковски како копретседатели на партијата „Погреб за Македонија„ под менторство на Џес Бејли и Чарлс Гарет ги здружија силите на антимакедонска основа против Русија, која, никогаш не го довела во прашање територијалниот интегритет и суверенитет на Македонија, името и идентитетот на македонскиот народ, рускиот претседател Путин на отворена сцена рече дека писменоста доаѓа од македонската земја.

Од друга страна, Заев и Мицковски се солидаризираа со Велика Британија која во 1948 година фрлаше напалм бомби врз Македонците во Беломорска Македонија, која сега се залага за промена на македонското име и идентитет, редефинирање на Македонија или кантонизација според мапата што британскиот амбасадор Чарлс Гарет му ја покажал на претседателот Иванов на средбата во претседателската резиденција на Водно.

Со еден збор, Заев и Мицковски од партијата „Погреб за Македонија„ се соживуваат со непријателите на македонското дело кои бараат обезличување на македонскиот народ.

Единствена Македонија цврсто го уверува рускиот народ дека зад срамната одлука на партијата „Погреб за Македонија„ за протерување на рускиот дипломат, не стои македонскиот народ, туку одлуката е резултат на Македонци со изгубено национално

чувство и корумпирани и купени од странски ментори.

Впрочем, нашите руски пријатели добро знаат дека Македонија во моментот е окупирана земја и дека ова е одлука на окупаторот во содејство со домашни јаничари од партијата „Погреб за Македонија„.

Единствена Македонија ќе победи на наредните регуларни избори и сите кои учествувале во политиките на антимакедонска и антидржавна основа, ќе одговараат.

**Центар за комуникации со јавноста на Единствена Македонија**
**Скопје, 29 март 2018**

**Медиуми:**

Вечер

Весник

А1 он

Макфакс

Македонија 365

Скај

Точка

ТВ Орбис

Пинг

Македонски медиа сервис

Тајм

Грид

Вести